РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-952/2
08-03-2021

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46-та седница одржана на ден 12.02.2021 година, ДКСК донесе

# ОДЛУКА

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето ------** – пратеник во Собранието на РСМ, затоа што по изборот на наведената функција, управувањето на трговското друштво -------- Скопје го доверил на член на неговото семејство (сопруга), што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно член 114 став 3 в.в член 45 став 1, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се поведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице --------- – пратеник во Собранието на РСМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-952/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјава за интереси поднесена од --------- – пратеник во Собранието на РСМ, поради тоа што по изборот на наведената функција, управувањето на трговското друштво ------- Скопје го доверил на член на неговото семејство (сопруга), што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на* ***избрано*** *или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално,* ***доколку управува со трговско друштво*** *или установа како сопственик,* ***е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство****, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

--------- е избран за пратеник во Собранието на РСМ со акт бр. 08-2358/1 од 04.08.2020 година. По проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице преку подносител ---------- доставил пријава за промена на управител на трговското друштво ---------- Скопје на ден 17.08.2020 година до Централниот регистар на

РСМ, по што донесена е Одлука на ден 24.08.2020 година и за управител на ова трговско друштво е назначено лицето -----------, сопруга на службеното лице -------------.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице ------------ – пратеник во Собранието на РСМ, со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, **односно управувањето со трговското друштво -------- Скопје да го довери на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство.**

Службеното лице --------- – пратеник во Собранието на РСМ, потребно е да ја извести повратно ДКСК со приложување на доказ за постапување **во рок од 15 дена од доставување на оваа одлука**.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК на избраното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Врз основа на вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на 12.02.2021 година, одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., советник
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК